Бесплатен примерок

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 69 | Година XI | март - април 2016 г. | *Весник на Општина Аеродром*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ВЕБ-ПОРТАЛ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ 3
АКТИВНОСТИ ..... 4 - 15
ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ..... 16 - 17
ОБРАЗОВАНИЕ ..... 18 - 19
ТЕАТАР 20
ЗАБАВА 21
ЗДРАВЈЕ ..... 22 - 23
СТИЛ ..... 24 - 25
ЖИВОТ ..... 26 - 29
ПИСМА 30
ИНФО 31

ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

Редакција
м-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

Уредува
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

Лектор
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

Дизајн
Даниела Чабуковска

Издава
Општина Аеродром

Градоначалник
Ивица Коневски

Печати
Графички центар-Скопје

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

Адреса:
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

ВЕБ-ПОРТАЛ ЗА ПОДДРШКА НА БИЗНИСОТ ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Општина Аеродром изработи веб-портал за поддршка на бизнис-секторот mspaerodrom.mk, на кој фирмите и невладините организации на нејзина територија ќе можат бесплатно да се промовираат и да добиваат сервисни информации.

Преку порталот претпријатијата можат да ги промовираат своите производи, но и сопствените брендови, акции, вработени во фирмите или успешни приказни.

Куриозитет на сајтот ќе биде тоа што Општина Аеродром преку овој портал ќе врши дневна промоција на фирми, кои егзистираат на нејзината територија. Фирмите што сакаат да обезбедат бесплатна реклама треба да се регистрираат на порталот, да ги контактираат лицата одредени за соработка и да обезбедат материјал. Секоја фирма, која ќе достави материјал, ќе биде објавена на порталот. Единствен критериум што фирмата треба да го исполнува за да обезбеди бесплатна реклама на порталот е да биде регистрирана на територијата на Општина Аеродром. Рекламирањето ќе се врши на принцип прв пристигнат прв објавен.



ПОЧНА ИЗГРАДБА НА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ГОРНО ЛИСИЧЕ

Со поставување камен-темелник во дворот на основното училиште „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче на 5.1.2016 година почна изградба на нова детска градинка, на кое присуствуваа тогашниот премиер Никола Груевски, заменик-министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, пратеници советници и голем број граѓани.

Новата детска градинка ќе има капацитет до 100 дечиња и ќе ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип институции, овозможувајќи современи услови за згрижување и престој на деца од претшколска возраст.

Објектот ќе содржи две големи занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли и административен простор. Детската градинка ќе биде опремена со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки.

„Изградбата на нова детска градинка е реална потреба, со оглед на зголемениот број дечиња во нашата општина. Грижата за децата е континуирана“, изјави градоначалникот Коневски.

Новиот објект, кој ќе биде енергетски ефикасен со еколошки прифатливи материјали за изградба, ќе се гради во соработка со Министерството за труд и социјална политика, кое учествува со половина од неопходните финансиски средства во висина од 13 милиони денари. Се очекува новата градинка да се изгради за 6 месеци.

Дека грижата за децата е континуирана зборува и фактот што претходно беше изградена градинката „Сонце“ во Реонски центар „Аеродром“, а беа целосно реконструирани и постојните детски градинки, со цел да се овозможат што подобри услови за престој и воспитување на децата од претшколска возраст. Исто така, во 2017 година се очекува изградба на уште еден ваков објект.

АКТИВНОСТИ

Во населбата Јане Сандански

УШТЕ ЕДНА НОВА ДЕТСКА ГРАДИНКА СО КАПАЦИТЕТ ЗА 250 ДЕЧИЊА

„На мое огромно задоволство, а верувам и на задоволство на многу родители, можеме да го најавиме новиот проект на Општина Аеродром за изградба на нова детска градинка, втора по ред оваа година“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Ивица Коневски, на прес-конференцијата одржана на 8.1.2016 година.

Новата детска градинка, што тој и заменик-министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, ја најавија, ќе има капацитет за над 250 дечиња и ќе биде изградена во рамки на клонот „Чекорче“ со средства од Буџетот на Општина Аеродром.

Според проектот, објектот ќе ги исполнува сите неопходни стандарди за ваков тип на институции и ќе овозможи современи услови за згрижување и престој на деца од претшколска возраст.

Објектот ќе содржи 6 големи занимални на приземје и три на катот што значи вкупно 9 занимални, простор за прием, кујна, санитарни јазли, административен простор и подрумски простории и сето тоа на површина од 1.700 квадратни метри.

Се разбира, детската градинка ќе биде опремена со креветчиња, масички, столчиња, плакари, нагледни средства и играчки. Објектот ќе биде енергетски ефикасен, а материјалите за изградба ќе бидат еколошки прифатливи.

Со изградбата на новата детска градинка, како што рече градоначалникот Коневски, се очекува да се задоволи потребата од поголем капацитет за згрижување на децата, која е реална со оглед на зголемениот број дечиња во Општина Аеродром.

АКТИВНОСТИ

Инфраструктура

ПУШТЕНА ВО УПОТРЕБА РЕКОНСТРУИРАНАТА УЛИЦА „ГОРНО ЛИСИЧЕ“

ПРЕД

Градоначалникот на Општина Аеродром Ивица Коневски заедно со министерот за транспорт и врски, Владо Мисајловски, на 15.1.2016 година официјално пуштија во употреба една од најголемите улици во Горно Лисиче, која во текот на изминатите неколку месеци беше целосно реконструирана.

ГОРНО ЛИСИЧЕ

Освен што беше пуштена во употреба реконструираната улица Горно Лисиче во истоимената населба, Општина Аеродром ќе реконструира уште една улица во Горно Лисиче, за што е објавен тендер. Станува збор за комплетна реконструкција на улицата „Ѓорѓи Капчев“ во должина од околу 1.500 метри.

Инаку, во текот на 2016 година се планираат и други инфраструктурни проекти во оваа населба, како што се реконструкција на три моста на Усјанскиот канал, нови пешачки патеки на булеварот „Февруарски поход“, поставување хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација на улиците „Тодор Чангов“ и „Горно Лисиче“, кои беа неодамна комплетно реконструирани, поставување клупи,

канти за отпадоци и заштитни огради, како и осветлување на паркот во изградба покрај кејот на Вардар.

ПОТОА

Станува збор за реконструкција на истоимената улица „Горно Лисиче“ и тоа на потегот од „12 Македонска бригада“ до црквата „Св. Петар и Павле“.

Вкупната должина на реконструкцијата што ја опфати улицата „Горно Лисиче“ изнесува околу 1,7 километри, со вкупна вредност од околу 14 милиони денари.

Реконструкцијата, исто така, опфати и нивелирање шахти, како и санирање прекопи. Покрај обновувањето на двете улици со нов асфалтен слој со широчина од околу седум метри, обновени се и тротоарите со бекатон-плочки.

„Со реконструкцијата на оваа улица очекуваме значително да се подобрат не само условите за сообраќај, туку и безбедноста во Горно Лисиче“, изјави градоначалникот Коневски.

ДОЛНО ЛИСИЧЕ

Годинава, исто така, се предвидени инфраструктурни проекти и за Долно Лисиче, каде се планира да се изгради атмосферска канализација на главната улица, а заедно со Министерство за транспорт и врски и Европска банка за развој на истата улица ќе се реконструира водоводната мрежа, со што се очекува значително да се подобри водоснабдувањето.

Покрај булеварот „Видое Смилевски - Бато“

ПОЧНА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

На 4.1.2016 година почна изградба на нова фекална канализација покрај булеварот „Видое Смилевски - Бато“ во присуство на тогашниот претседател на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и голем број граѓани.

Станува збор за обемен проект што опфаќа изградба на нова фекална канализација во должина од околу 800 метри, која ќе овозможи да се приклучат зградите од Реонски центар „Аеродром“, каде Општина Аеродром пред две години ја обезбеди целосната секундарна фекална канализација во должина од 1,5 километар.

Исто така, на новата фекална канализација, ќе може да се приклучат и висококатниците, кои се наоѓаат во завршна фаза на изградба, како и новите згради покрај булеварот „Трета македонска бригада“, каде има изведено 650 метри фекална канализација, така што овој дел од општината ќе биде целосно покриен со неопходната канализациска инфраструктура.

Средствата за овој проект од витално значење за урбаното живеење на граѓаните во висина од 27 милиони денари се обезбедени од Буџетот на Град Скопје.

БУЛЕВАРОТ „АСНОМ“ СЕ ПРОДОЛЖУВА КОН ГОРНО ЛИСИЧЕ

Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски, на 29.1.2016 година официјално го означија почетокот на градежните работи за продолжување на булеварот „АСНОМ“ кон Горно Лисиче.

Станува збор за продолжување на булеварот од ФФМ до улицата Тодор Чангов во должина од 430 метри, каде ќе се изградат 4 сообраќајни ленти и нова раскрсница.

Продолжувањето на овој булевар е еден вид заокружување на инфраструктурата за новата населба покрај Вардар со нови 25 згради. Со тоа се очекува значително да се подобрат условите за сообраќај, но и безбедноста во

овој дел од општината, во кој изминатиов период беше изградена комплетната сервисна инфраструктура во вредност од 120 милиони денари.

На оваа локација Општина Аеродром изгради околу 2 километри фекална и атмосферска канализација, водоводна мрежа во должина од 1,5 километар, асфалтира сервисни улици на површина од околу 20.000 квадратни метри и постави тротоари на површина од над 5.000 квадратни метри, како и 1.000 нови паркинг-места. При тоа, на целата површина постави јавно осветлување со 74 сијалични места.

ПОЛИЦИЈАТА И ЗАЕДНИЦИТЕ НА СОПСТВЕНИЦИ ДЕБАТИРАА ЗА КРАЖБИ

Во изминатиот период во Општина Аеродром се одржа серија од осум средби меѓу претставници на полицијата и на Заедниците на сопственици.

На дебатите стана збор за спречување кражби во домот и за работата на полицијата и нејзините службби, особено за работата на службите за прибележување, чија работа директно е поврзана со работата на Куќните совети.

За време на презентациите претставниците од МВР потенцираа неколку совети за начините како да се заштитиме од кражби, како што се затворање на сите врати и прозорци во домовите и автомобилите, да се негуваат добрососедските односи, да не се дозволува непознато лице да влезе во домот и секоја сомнителна ситуација да се пријави во полиција на телефонскиот број 192.

Информативен постер за заштита на човековите слободи и права

БЕСПЛАТНИ ПРАВНИ СОВЕТИ

Во просториите на Општина Аеродром е поставен информативен постер за промоција на бесплатна телефонска линија за пријавување повреди на основните човекови слободи и права.

Лицата кои ќе пријават повреда на основните човекови слободи и права ќе добијат бесплатно советување за правните постапки од страна на тим на адвокати.

Станува збор за проект на УСАИД за заштита на човековите права имплементиран од Македонско здружение на млади правници, преку кој се промовира и унапредува заштитата на човековите права и демократските вредности и се олеснува пристапот до правда за граѓаните-жртви.

ПОДНЕСИ ГОДИШНА ДАНОЧНА ПРИЈАВА!

Управата за јавни приходи (УЈП) ги известува жителите на Општина Аеродром дека поднесување годишна даночна пријава за 2015 година почна на 1.1.2016 и ќе трае до 15.3.2016 година, со цел навремено да се исполнат законските обврски за пријавување на приходите во Управата за јавни приходи.

Годишната даночна пријава (ПДД-ГДП) може да се преземе преку интернет страницата или на шалтерите на УЈП.

ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕРАЗМУС+, Е-ТВИНИНГ, ЕУРОПАС И ЕУРОГАЈДЕНС

На 8.1.2016 година во просториите на Општина Аеродром се одржа презентација на Еразмус+, Е-твининг, Европас и Еурогајденс.

На оваа работна средба присуствуваа наставници од пет основни училишта и едно средно стручно училиште од Општина Аеродром.

Целта на одржување на оваа работна средба беше запознавање со Еразмус+, Е-твининг, Европас и Еурогајденс, како и какви можности нуди програмата Еразмус+ и мрежите Е-твининг, Европас и Еурогајденс. На оваа работна средба им беа објаснети клучните акции на Еразмус+ програмата, како и активностите кои ќе бидат организирани од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а се однесуваат на помош и поддршка на корисниците кои би аплицирале во наредните рокови.

ФРЛЕНИ 7 ТОНИ СОЛ ПО ПРВИОТ СНЕГ



Зимската служба на Општина Аеродром на 3.1.2016 година, веднаш откако почна да паѓа првиот снег зимава, излезе на терен и непрекинато во текот на ноќта ги расчистуваше паркинг-улиците и патеките, кои се под надлежност на општината.

Во текот на вечерните и ноќните часови на територијата на Општина Аеродром се фрлени околу 7 тони сол и во ниту еден момент не се дозволи да има застој или проблеми со сообраќајот на улиците во општината. Улиците континуирано се расчистуваа со возилата за зимско одржување улици што Општина Аеродром ги набави за таа намена.

Исто така, беа ангажирани и сезонските работници да ги расчистуваат приодите околу градинките и училиштата, а се интервенираше и на автобуските постојки.

НОВИ ВЕЛОСИПЕДСКИ ПАТЕКИ ВО АЕРОДРОМ

Градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром, Коце Трајановски и Ивица Коневски на 16.2.2016 година симболично го означија почетокот на градежните работи за реконструкција на велосипедските патеки покрај главните булевари. Покрај реконструкцијата на постојните велосипедски патеки на булеварите „Јане Сандански“ и „Кузман Јосифовски Питу“, проектот предвидува и изградба на нови велосипедски патеки на булеварите „Февруарски поход“ и „Видое Смилевски - Бато“.

Со овој проект, како што рече градоначалникот Трајановски, ќе се добијат квалитетни велосипедски патеки, обележани со стандардизирана јасна и видлива хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација и ќе бидат изработени од асфалт. Спуштањата на раскрсниците ќе бидат изведени од рампи, додека по должината на патеките ќе бидат поставени заштитни столпчиња. Исто така, ќе се дислоцираат сите пречки на велосипедските патеки како што се билборди, канделабри, контејнери, сообраќајни знаци и слично. Со реализацијата на овој проект ќе се овозможи жителите непречено да го користат велосипедот како рекреативно и транспортно средство, со што ќе се растовари сообраќајот и позитивно ќе се влијае на животната средина.

ОДЛОЖЕТЕ ГО РАСИПАНИОТ ЕЛЕКТРОНСКИ ОТПАД ВО СПЕЦИЈАЛНИ КОНТЕЈНЕРИ!

Општина Аеродром ги повикува граѓаните да се приклучат кон големата акција за собирање е-отпад, која ќе трае до крајот на мај. Проектот се реализира во соработка со основните училишта „Лазо Ангеловски“ и „Александар Македонски“.

За таа цел во просториите на двете училишта се поставени специјални контејнери, во кои граѓаните можат да ги остават малите расипани домашни апарати, како на пример, фенови за коса, тостери, пегли, миксери, мобилни телефони, тастатури, фотоапарати, монитори, компјутери итн... Контејнерите се заклучени од безбедносни причини, а училиштето ќе организира и еко-ученички патроли, за дополнително да ги мотивира граѓаните да го поддржат проектот.

Мотивот за акцијата што се организира во соработка со Центарот за климатски промени и Елколект, е всушност, грижата за животната средина, бидејќи е-отпадот не смее да се фрла во обичните контејнери, зашто му треба стотици години за да се распадне. Од друга страна, тој може да се рециклира и повторно да се употреби.

АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ КАБАСТ ОТПАД

Општина Аеродром во соработка со Град Скопје, поточно со јавното претпријатие „Комунална хигиена“, почна акција за собирање кабаст отпад со однапред утврдени термини и локации.

Првата таква акција се одржа на 26 и 27 февруари на целата територија на Општина Аеродром, кога граѓаните кои имаат кабаст отпад, во временски интервал од 07:00 до 11:00 часот, можеа да го одложат пред своите домови доколку живеат во куќа или пред зграда доколку живеат во колективни станбени домаќинства. При тоа, требаше да се внимава отпадот да не го попречува движењето на пешаците и возилата, но и местото да биде пристапно за возилата на ЈП „Комунална хигиена“ за тие да можат непречено да го соберат отпадот.

Под кабаст отпад се подразбира делови од мебел, бела техника, електронски апарати, но не и градежен шут.

Исто така, постои можност ваква услуга граѓаните да добијат и во други денови со одреден надомест, за што подетални информации може да се добијат на дежурниот телефон 0800 222 33.

Наредната бесплатна акција за собирање кабаст отпад во Општина Аеродром се планира да се одржи во мај.

СИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Драги читатели, Општина Аеродром од неодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

ЗАДОЛЖИТЕЛНО!

ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.

Расцветано дрво во јануари - Ксенија Тодорова

Моето маало - Стефан Кочоски

Виножито - Тоше Спасовски

Небо над Аеродром - Јулиана Николиќ

Хотел Русија - Дамјан Гроздановски

Изгрејсонце во магла - Софија Божова

На раскрсница - Игор Пејиќ

Зима во Аеродром - Јаков Ѓоргоноски

УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ АФИРМАТОРИ НА КУЛТУРАТА

На 25.1.2016 година неколку ученици од основното училиште „Лазо Ангеловски“, кои во изминатиот период беа добитници на повеќе награди на меѓународни и на домашни конкурси и натпревари по ликовно образование и математика беа во посета на Министерството за култура и се сретнаа со министерката за култура, Елизабета Канческа-Милевска.

На средбата беше посочено дека учениците континуирано се добитници на многу признанија, преку кои успешно ја афирмираат културата на Република Македонија во меѓународни рамки. Исто така, беше потенцирана и одличната соработка што ова основно училиште ја има со националната установа Спомен-дом на Мајка Тереза, со која во наредниот период ќе реализираат заеднички проекти по повод претстојното прогласување на Мајка Тереза за светица.

Министерката за култура им честиташе за сите освоени награди и ја поздрави посветеноста на наставниците во акцентирањето на важноста на културата во воспитно-образовниот процес.

Учениците од „Ѓорѓија Пулевски“ во посета на „Владо Тасевски“

ПРАКТИЧНИ ВЕЖБИ ЗА СОЗДАВАЊЕ СТРУЈА

Учениците од IV[1] одделение од ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ неодамна го посетија средното училиште „Владо Тасевски“ со цел да ги утврдат знаењата за струјните кола, компонентите на струјното коло, како и електричната енергија.

Наставничкиот кадар на „Владо Тасевски“, кое има три стручни профила (електротехничка, сообраќајна и машинска), им овозможи на четвртоодделенците да ја развијат својата љубов кон научните истражувања од областа на физиката.

Учениците имаа практични вежби поврзани со едноставни струјни кола и компоненти, а ја погледнаа и макетата каде е претставено движење на воз по шини.

Успешна еко-кампања

„БУБАМАРКИТЕ“ СОБРАА ОКОЛУ 2.000 ШИШИЊА

Дечињата од ЈУДГ „Буба Мара“ неодамна спроведоа успешна еко-кампања под мотото „Собираме пластика за чиста околина“.

Во рамки на кампањата се собираа пластични шишиња во сите објекти на градинката, а покрај децата се вклучија и родителите, како и сите вработени во градинката, при што се собраа околу 2.000 шишиња.

Кампањата е поврзана со проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, која беше активна последната недела од јануари.

ДЕЦАТА СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА УЧИЛИШТЕ ВО БИБЛИОТЕКА

Децата од големата воспитна група во градинка „Сричка“, објект „Лале“, ја посетија градската библиотеката „Браќа Миладиновци“ и се запознаа со институцијата, лицата кои работат во неа и начинот на изнајмување книги.

Воедно, имаа можност да се запознаваат со одбрани поетски и прозни дела од уметничката и народната книжевност, да воочуваат разлики меѓу поезија и проза и да развиваат љубов и интерес кон детската литература.

Презентација на органска храна во „Буба Мара“

„ЈАС ОДБИРАМ ЗДРАВЈЕ, А ТИ?“

Во детската градинка „Буба Мара“ на 22.1.2016 година се одржа едукативна презентација на тема „Јас одбирам здравје, а ти?“ на која беа презентирани производи од органско потекло.

На презентацијата органската храна беше препорачана за здрав детски живот, а на децата им беа поделени јаболчиња од органско потекло.

Целта на оваа презентација е децата и нивните родители да водат грижа за сопственото здравје, бидејќи храната влијае на нашето здравје.

„СРНИЧКИТЕ“ УЧАТ ДА ГОТВАТ

Активностите поврзани со готвење и приготвување храна се реализираат во сите објекти на градинката „Сричка“, во рамките на Програмата за здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст.

За малите деца, готвењето претставува во исто време и забава и игра, но и можност за учење многу нови концепти. Кога на децата им дозволуваме да се вклучат во подготовката на храна, тие се чувствуваат како возрасни и многу значајни.

ТЕАТАР

ПРИКАЗНА ЗА ВЕЧНОТО ДЕТЕ ВО НАС

Што има поубаво од тоа соништата што ги носиме во себе понекогаш да се исполнат!?

Детската претстава содржи многу имагинација, хумор, песни и смеа, а гледачите доживуваат фантастични моменти во земјата Недојдија

Најновата куклено-играна претстава на Театарот за деца и младинци – „Петар Пан“, е повторна средба на гледачите со ризницата на светската класична литература за деца.

Петар Пан, детето кое никогаш не израснува, е детето кое секој од нас сака да го задржи постојано во себе. И што има поубаво од тоа: соништата што ги носиме во себе понекогаш да се исполнат, или пак, најчудните авантури што сме сакале да ги преживееме да ни се случат и од вербата во тоа дека доброто секогаш го победува злото!

Со многу имагинација, хумор, песни и смеа гледачите ќе доживеат фантастични моменти во земјата Недојдија.

Ќе полетаат со нашите херои со помош на волшебниот прав. Ќе се сеќаваат на игрите од детството на пирати и Индијанци.

Ете, тоа е приказната за Петар Пан во режија Боњо Лунгов, која неодамна ја имаше својата премиера во Театарот за деца и младинци.

„Не е лесно да се направи претстава, кога веќе има и филм и цртан филм на истата тема. Но, имам среќа што актерите во овој театар се извонредни, а кога имаш такви актери, тогаш тоа е успех. Работевме со полна енергија, имавме одлична атмосфера која ја создава овој тим. Во претставата има ликови што не се заборавааат како Ѕвончица, Венди, Капетан Кук...“, вели режисерот Лунгов кој дваесетина години работи во овој Театар.

НИКОГАШ НЕМА ДА ГО ПРЕМИНЕШ ОКЕАНОТ ДОДЕКА НЕ СЕ ОСМЕЛИШ ДА ГО ИЗГУБИШ БРЕГОТ ОД ОЧИТЕ.

КРИСТОФЕР КОЛУМБО

АКО САКАШ ДА БИДЕШ МУДАР, НАУЧИ ПАМЕТНО ДА ПРАШУВАШ, ВНИМАТЕЛНО ДА СЛУШАШ, МИРНО ДА ОДГОВАРАШ И ДА ПРЕСТАНЕШ КОГА НЕМАШ ПОВЕЌЕ ШТО ДА КАЖЕШ.

ЛАФАТЕР

Има 4 нешта, кои во животот не можат да се вратат:
Збор... откако ќе се каже.
Прилика... откако ќе се пропушти.
Време... откако ќе замине.
Личност... откако ќе умре.

АКО НЕМАШ ХРАБРОСТ ДА ПОЧНЕШ, ВЕЌЕ СИ ЗАВРШИЛ.

•

ЗА СПЕКТАКУЛАРНИ РЕЗУЛТАТИ Е ПОТРЕБНА СПЕКТАКУЛАРНА ПОДГОТОВКА.

•

УМОТ Е КАКО ПАДОБРАН, АКО НЕ Е ОТВОРЕН НЕ СЛУЖИ ЗА НИШТО.

МУДРОСТИ

ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

ГРАДИНКА

Оди мајка во градинка да си го земе детето. Гледа, децата со телефоните седат во песокот, а учителката спие.

- Зошто спиете? Сите деца ќе избегаат.

- Да и каде ќе одат? ВИ-ФИ-то фаќа само до песокот.

ЗНАЕШ ДЕКА ВРСКАТА ТИ Е ЗАЦВРСТЕНА... КОГА ШОПСКАТА САЛАТА ЈА ЈАДЕШ СО КРОМИД!!!

ЗДРАВЈЕ

ПРИДОБИВКИ ОД ПЕШАЧЕЊЕТО

1. Помага во одржување на телесната тежина

2. Достапно за секого

3. Не бара посебна опрема

4. Еден од најлесните начини да станете поактивни

5. Ги намалува симптомите на депресија и вознемиреност

6. Претставува лесна вежба

7. Го намалува лошиот холестерол и го зголемува добриот холестерол

8. Го намалува крвниот притисок

9. Го намалува ризикот од одредени видови рак

10. Го намалува ризикот од дијабетес

11. Го подобрува расположението

12. Помага во одржување на цврстината на коските

13. Го намалува ризикот од срцев удар

14. Постои мала веројатност да се здобиете со повреди при пешачење

15. Го намалува стресот

16. Го намалува ризикот од срцеви заболувања

17. Не мора да плаќате за пешачење

18. Помага во одржување на вито тело

СТИЛ

Како да му го продолжите векот на вашето ПИ-СИ?

ПРАВТА - НАЈГОЛЕМ НЕПРИЈАТЕЛ НА КОМПЈУТЕРИТЕ

Панде Лазаревски,
информатичар

Ако се собере многу прав на вентилаторот, таа станува изолатор што може да предизвика прегревање и трајно оштетување на компјутерот.

Избегнувајте правливи простори, компјутерот чувајте го на работната маса, не пушете во таа просторија и редовно отстранувајте ја правта

КАДЕ НАСТАНУВА ПРОБЛЕМОТ?

Најзапоставуваниот дел во одржувањето на компјутерските системи е внатрешниот систем за ладење, кој интензивно се потпира на вентилаторите на процесорот и на графичката картичка, а кај десктоп-компјутерите и на напојувањето.

Уште од вклучувањето на компјутерот системот за ладење почнува да работи и не прекинува до неговото исклучување. Самиот ладилник се состои од алуминиумска база со тенки и густо наредени алуминиумски листови и вентилатор веднаш над нив. Тука настанува и основниот проблем. Овој тип на активно ладење е склон на акумулирање прав, која е еден од најголемите непријатели на компјутерите.

Дел од правта се лепи на перките на самиот вентилатор, а дел се лепи на алуминиумските листови на алуминиумската база. Кога ќе се собере повеќе прав на вентилаторот, тој го губи својот деликатен баланс и почнува да создава бучава, која индицира дека веќе има сериозен проблем. А, кога ќе се собере многу прав на алуминиумската база, тогаш таа ја губи својата функција за ладење и станува изолатор што го зголемува греењето. Прегревањето на компонентите е неизбежно и доаѓа до неповратни оштетувања на самиот компјутерски систем и скратување на неговиот работен век.

ПРЕВЕНЦИЈА И РЕДОВНО ОДРЖУВАЊЕ

Има неколку начини да му се продолжи векот на вашето ПИ-СИ. Избегнувајте простори каде што има прав. Ако станува збор за десктоп-компјутер тогаш куќиштето ставете го горе на работната маса. Не пушете во таа просторија. Редовно отстранувајте ја правта околу, поточно во близина и под самиот компјутерски систем.

Сепак, и покрај сите пасивни мерки што ќе ги преземете често се потребни и активни мерки. Тоа подразбира дека компјутерскиот систем мора да се отвори и да се отстрани правта од компонентите на ладилниците. Ако и тоа не помогне, тогаш ќе мора да се заменат со соодветни нови ладилници (кулери). Ова треба да биде работа на стручен сервисер. По договор со соодветен сервис, ова може да биде направено или во просториите на сервисот или во вашите простории каде што ги користите компјутерите. Нема доволно добар изговор да не го правите ова. Минимум е барем еднаш годишно да се направи овој сервис, а се препорачува барем два пати годишно. Но, во зависност од условите каде се користат компјутерите тоа може да биде и почесто.

Запомнете дека превенцијата е најдобар начин за заштита на вашите компјутери и вашите податоци. Точно е дека деловите можат да се заменат, но вашите податоци се незаменливи!



ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЈА ПОСЕТИЈА КОЛЕДАРИ

На 6.1.2016 година група дечиња од Општина Аеродром во утринските часови ја посетија Општината и пееја коледарски песни. Младите бадникари ја испеаја песната „Вечниот бог се раѓа“ и на тој начин го најавија Христовото раѓање и Божик. Општина Аеродром во чест на празнувањето на Бадник и Божик им подели пригодни пакетчиња на младите бадникари.

По повод бадниковите огнови

КАМПАЊА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“ одржа кампања за заштита од пожари по повод палењето бадникови огнови во пресрет на Бадник на платото пред ТЦ „Бисер“, како и на други локации на територијата на Општина Аеродром.

За време на акцијата на граѓаните им се делеа летоци со едукативна содржина за опасностите од пожар, како и за заштита од пожари во пресрет на големиот христијански празник Божик, кога се палат бадниковите огнови.

Хуманитарна акција на учениците од ООУ „Лазо Ангеловски“

„ОД ДЕЦАТА – ЗА ДЕЦАТА“

Под мотото „Од децата – за децата“ учениците од III[3] одделение од ООУ „Лазо Ангеловски“ и нивните наставнички неодамна го посетија Домот за деца без родители и родителска грижа „11 Октомври“ и им подарија пакетчиња што ги подготвија вредните рачиња на учениците.

Коце Трајановски и Ивица Коневски, како и голем број истакнати лица од политичкиот и стопанскиот живот во Република Македонија.

Општина Аеродром ќе продолжи да ги поддржува ваквите културно-забавни манифестации сè додека народот покажува интерес за тоа, како што е случајот со „Мичуринската средба“, која од маалско дружење прерасна во масовна традиција за дружба не само на Мичуринци, туку и на граѓани од други населби и општини.

ГРАДСКИОТ ТАТКО СТАНА КУМ НА 20-ТА „МИЧУРИНСКА СРЕДБА“

Во присуство на стотици граѓани на 13.1.2016 година, во централниот парк во населбата Мичурин по дваесетти пат се одржа традиционалната „Мичуринска средба“, што ја организира истоименото здружение на граѓани под покровителство на Општина Аеродром.

Традиционално како и секоја година одбележувањето на празникот Василица почна со молитва за мир и кршење василичарска погача со паричка за среќа, по што новиот кум го запали василичарскиот оган. Годинава паричката падна кај градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, кој го презеде кумството од минатогодишниот кум стариот мичуринец Ѓоко Гаштаров.

Во рамките на прославата на големиот православен празник „Свети Василиј Велики“, меѓу народот познат како Стара нова година, се одржа богата музичка програма, а за време на манифестацијата се послужуваше топол чај, сокови, греена ракија, вино и сендвичи.

На Мичуринската средба присуствуваа градоначалниците на Град Скопје и на Општина Аеродром,

АПЛИКАЦИЈАТА НА МИЧУРИНЕЦОТ ДАРИЈАН **НОВА НАДЕЖ ЗА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ**

Мичуринецот Даријан Шекеров на 13-годишна возраст неодамна ја разбранува македонската информатичка јавност откако ја дизајнираше првата македонска апликација за андроид, наменета за помош на децата со попреченост во говорот.

Станува збор за изработка на апликацијата за деца со аутизам „Сликозбор“, која може бесплатно да се симне од „плејстор“. Гласот за апликацијата го позајмува неговата сестра, Срна Шекерова.

Целта на апликацијата е да им се олесни комуникацијата на децата со пречки во говорот во домот со најблиските и надвор во секојдневната комуникација, бидејќи не можат лесно да се изразат преку зборувањето. Апликацијата помага на тој начин што се дадени многу слики со секојдневни изрази и потреби, па детето со притискање на одредена слика (на пример „сакам да јадам“) произведува звук со дејството што го бара детето.

За првите пет дена, откако беше поставена апликацијата, таа беше симната 8.500 пати и се наоѓаше на прво место на топ-најнови, што докажува дека е добро примена и успешно ја погодила намената.

Покрај оваа, Даријан до сега има направено уште 15 андроид-апликации и игри, кои се наоѓаат на „гугл плејстор“ и можат бесплатно да се симнат, поради што дел од јавноста го нарече „чудо од дете“ и „информатички гениј“. Неколку години по ред учествува на натпреварите по информатика и математика и редовно освојува награди.



Предавање во градинката „Срничка“

ВО ФОУСОТ ДЕЦА СО **НЕДОСТАТОК НА ВНИМАНИЕ И ХИПЕРАКТИВНОСТ**

На 8.2.2016 година во детската градинка „Срничка“, поточно во објектот „Чекорче“, се одржа предавање на тема „Синдромот на недостаток на внимание и хиперактивност кај децата (АДХД)“, кое беше наменето за воспитувачи и стручни работници.

На предавањето беа опфатени симптомите на ова нарушување, кое е едно од најчестите на денешнината, прифаќање на децата со АДХД синдромот, прилагодување на воспитно-образовните програми според потребите и пронаоѓање методи и техники за работа со вакви деца и поттикнување на нивната самодоверба.

Предавачот Марко Ферек, кој долг период работел со лица со АДХД, до сега има одржано над 300 вакви предавања во многу градинки, основни и средни училишта низ светот.

Инаку, предавањето го организира Здружението на граѓани за третман на лицата со Аутизам, АДХД и Аспергов синдром „Во мојот свет“, во соработка со Општина Аеродром и ЈДГОА „Срничка“.

„ВАКА ЛИ ТРЕБА ДА СЕ ОДНЕСУВААТ НОВИТЕ ЖИТЕЛИ НА СТАР АЕРОДРОМ!?“

Почитувани,
Ова се фотографии снимени од дива депонија кај поликлиниката „Јане Сандански“ зад зградата на „Дабарот“, поточно спроти дежурниот влез на поликлиниката. На само 20 метри од депонијата на улица „Коста Новаковиќ“ има 5 контејнери. Сакам јавно да прашам вака ли треба да се однесуваат новите жители на Стар Аеродром!?

В.Т.

ФОТОГРАФИИТЕ „ЗБОРУВААТ“ ЗА НЕСОВЕСНИТЕ ГРАЃАНИ И КОМПАНИИ

Почитувани,
живеам во Општина Аеродром. Според мене Општината Аеродром е една од поубавите општини во Скопје. Имаме прекрасни булевари, уредени паркови, трговски центри, преубаво ново основно училиште. Навистина сум среќна што живеам во оваа населба. За жал има многу несовесни граѓани и компании, чиишто простории се наоѓаат во нашата општина и не се грижат воопшто за животната околина каде што работат. Фотографиите што ви ги праќам најдобро го покажуваат тоа.

Со почит,
К.Д.

СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош 194
Пожар и елементарни непогоди 193
Центар за известување и тревожење 195

Градинки
Срничка 2455 512
Буба Мара 2434 530

Основни училишта
Блаже Конески 2469 746
Браќа Миладиновци 2460 479
Ѓорѓија Пулевски 2455 510
Љубен Лапе 2450 220
Лазо Ангеловски 2430 324
Димитар Македонски 2440 011
Гоце Делчев 2438 288
Александар Македонски 6152 513

Средни училишта
Владо Тасевски 2464 123
Димитар Влахов 2464 590
Марија Кири Склодовски 2452 189

Библиотеки
Јане Сандански 2466 474
Кирил Пејчиновиќ 2450 449
Рајко Жинзифов 2443 450

Цркви
Света Тројца 2763 337
Свети Петар и Павле 2439 722
Свети Пророк Илија 2460 825

Полиција 192
ПС Аеродром 2432 362, 3142 408
ПС Драчево 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода 3223 410, 3142 403

Амбуланти
Јане Сандански 2463 277
Лисиче 2440 810
Пелагонија 2460 478

ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:
080052222

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Централа 2400 970
Пријавница 2401 511
Контакт со граѓани 2401 555
Локален економски развој 2401 542
Правна служба 2401 556
Човечки ресурси 2401 538
Урбанистички планови 2401 529
Осветлување 2401 533
Комунална инспекција 2401 521
Градежна инспекција 2401 521
Инспекција за домување 2401 521
Инспекција за животна средина 2401 521
Финансии 2401 513
Буџет 2401 536
Сметководство 2401 535
Даноци, такси и други приходи 2401 537
Данок на имот 2401 553
Јавни набавки 2401 548
Образование и култура 2401 517
ИТ 2401 530
Социјална заштита 2401 518
Архива урбанизам 2401 525
Совет на Општина Аеродром 2401 512
Инспекција 2401 522
Животна средина 2401 552
Урбанизам 2401 528
2401 529
2401 545
Комунално одделение 2401 532
2401 534
2401 540

Јавно осветлување
ЕВН 3205 000
„КОД“ 2672-196

Јавни претпријатија
ЈП „Водовод и канализација“ 2443 129
2469 844
ЈП „Паркови и зеленило“ 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ 3216 644
075/506 090
Оџачарски услуги 2440 293